РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1707/5
26-07-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-та седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Пријавата со број 12-1707/1 од 04.06.2024 година, поднесена од непознат подносител, со наводи поврзани со постапувањето на службени лица вработени во --------------------, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во случајот нема доволно податоци со кои би се конкретизирале пријавените наводи и нема можност да се обезбедат дополнителни информаци за наводите во пријавата (анонимна пријава).

Предметот со број 12-1707/1 од 04.06.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 04.06.2024 година, поднесена е пријава за лицето ------------, заменик директор во ----------------------и поименично наведени службени лица вработени во --------- и оформен е предмет број 12-1707/1 од 04.06.2024 година.
Во пријавата подносителот наведува дека од страна на заменик директорот на -------------------------- преку неговите двајца лични возачи се вршеле разни видови притисоци и биле побарани финансиски средства за регулиање на документите за добивање на субвенции.

Исто така, подносителот наведува дека ------------ им давале одредена сума на пари на двајцата возачи за да им ги средуваат документите за добивање на субвенции. Наведено е дека заменик директорот во сите сектори имал распоредено свои луѓе кои работеле на извршување на неговите службени барања, како и тоа дека со помош на ветеринарно друштво сточарите регистрирале повеќе ---------- од нивниот вистински број и со тоа овозможувале да се добиваат огромни суми од субвенции од државата.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот нема доволно податоци со кои би се конкретизирале пријавените наводи, односно пријавата не содржи податоци за каков вид на субвенции станува збор, не е наведено за кој вид на програми за финансиска поддршка се однесуваат истите, не е наведен временскиот период за добивање на средствата, ниту пак има наведено за кои потенцијални корисници на финансиска поддршка станува збор.

Од причина што се работи за анонимна пријава, Државната комисија нема можност да се обезбеди дополнителни информаци за наводите во пријавата, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., Член на ДКСК